*Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе*

**ОДЛУКА**
**за избор на најповолен понудувач**

1. *За најповолен понудувач, за набавка на услуга – годишно превентивно и адаптивно одржување на Веб порталот Министерство за правда, се избра:*

**„Друштво за обработка на податоци УЛТРАНЕТ ДОО Скопје"**

*2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.*

*3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.*

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Министерството за правда врз основа на спроведената постапка за набавка од мала вредност на услуги - за набавка на услуга – годишно превентивно и адаптивно одржување на Веб порталот Министерство за правда, согласно член 112 став 1 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставените две понуди од страна на двајца економски оператори и спроведената електронска аукција преку ЕСЈН од страна на двајцата економски оператори одлучи за најповолна понуда согласно извештајот за спроведена постапка да биде избрана понудата како во диспозитивот на Одлуката.*

Одлучено во Министерството за правда за постапка за набавка од мала вредност објавена со оглас број 06417/2019, заведен под бој 05-3525/4 на ден 05. 09. 2019 година.

**Правна поука:** Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки бр. 06417/2019
Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение